VIII ЗИМСКИ САЛОН WINTER SALON

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ
УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION
OF FINE ARTISTS

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
MUSEUM OF
CONTEMPORARY ART

ФЕВРУАРИ 2000 FEBRUARY

VIII
ЗИМСКИ САЛОН
WINTER SALON

ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ
УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION
OF FINE ARTISTS

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ
MUSEUM OF
CONTEMPORARY ART

ФЕВРУАРИ 2000 FEBRUARY

Елизабета АВРАМОВСКА, Момчило АВРАМОВСКИ, Даниела АНДОНОВА,
Сабрина АНГЕЛКОВА, Лазар АНГЕЛКОВ, Ѓоко АНТОНИЕВ, Павле АПОСТОЛОВСКИ,
Атанас АТАНАСОВСКИ, Тане АТАНАСОВСКИ-Гарски, Симеон АРНАУДОВ,
Илија АЏИЕВСКИ, Газанфер БАЈРАМ, Тања БАЛАЌ, Трајче БЛАЖЕВСКИ,
Благоја БОГЕСКИ, Вујка БОЈАРОВА-РАДИВОЈЕВИЌ, Томе БУНДЕВСКИ,
Васил ВАСИЛЕВ, Глигор ВАСКОВ, Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ, Кирил ГЕГОСКИ,
Жанета ГЕЛЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА, Лидија ГРУИЌ,
Ангелина ДАМЈАНОВСКА-НАУМОВСКА, Анка ДАНАИЛОВСКА, Ангел ДИМОВСКИ-ЧАУШ,
Гордана ДАУТОВСКА- ПОПОВСКА, Ванчо ЃОРЃИЕВСКИ, Горјан ЃОРЃИЕВСКИ,
Лазо ЃОРЃИЕВСКИ, Станко ЃОРЃИЕВ, Петар ЃОРЃИЕВ-Пљум, Кирил ЕФРЕМОВ,
Мели ЗЕНКУ, Снежана ЗДРАВЕВСКА- КОСТОВИЌ, Ванчо ЈАКОВ, Зоран ЈАКИМОВСКИ,
Славица ЈАНЕШЛИЕВА, Александар ЈАНКУЛОСКИ, Данчо Кал чев,
Маргарита КИСЕЛИЧКА, Кристина КИРЈАЗОВСКА, Миле КОРУБИН, Илија КОЧОВСКИ,
Зоран КОСТОВСКИ, Марјана КОСТОЈЧИНОВСКА, Томислав КРМОВ, Коста КРПАЧ,
Митко КУНОВСКИ, Павле КУЗМАНОВСКИ, Виктор ЛАЗАРОСКИ, Илија ЛАФАЗАНОВСКИ,
Марина ЛЕШКОВА, Димитар МАЛИДАНОВ, Марија МАРКОВСКА, Мирослав МАСИН,
Ристо МИЈАКОВСКИ, Наташа МИЛОВАНЧЕВ, Тонкица МИТРЕВСКА, Боро МИТРИЌЕСКИ,
Станко МИЦЕВ, Томе МИШЕВ, Гоце НАНЕВСКИ, Жаклина НИКОЛОВСКА,
Касиопеја НАУМОВСКА, Марија ПАВЛОВСКА, Борис ПЕТРОВ, Страхил ПЕТРОВСКИ,
АлександарПОПОВ-Сашко, Сашо ПОПОВСКИ, Зекман РАКИПОВСКИ,
Јелена РИСТЕСКА, Илчо СИМОВСКИ, Марија СВЕТИЕВА, Игор СЕКОВСКИ,
Владимир Георги СПАСОВ, Илија СПАСОВСКИ-Чендо, Нела СТОЈЧЕВСКА,
Сашо СТАНОЈКОВИЌ, Елизабета СТОЛИЌ, Костадин ТАНЧЕВ-Динка, Ана ТЕМКОВА,
Дијана ТОМИЌ-РАДЕВСКА, Трајко ТОШЕВСКИ, Славко ТРЕНКОВСКИ-Лок,
Мирослава ТРУЈКАНОВИЌ, Предраг УРОШЕВИЌ, Вана УРОШЕВИЌ,
Симонида ФИЛИПОВА- КИТАНОВСКА, Мирослава ЦВЕТКОВИЌ, Трајче ЧАТМОВ
Викторија ЏИМРЕВСКА, Станислава ШАРОВИЌ, Теофил ШУЛАЈКОВСКИ,
Емил ШУЛЈАКОВСКИ, Тони ШУЛАЈКОВСКИ

ПРАВИЛНИК НА III ЗИМСКИ САЛОН – 2000

1. Салонот е ликовна манифестација која го опфаќа творештвото од областа на ликовните уметности.
2. На салонот можат да учествуваат сите творци кои живеат во Република Македонија, како и македонски автори кои живеат надвор од Републиката, а кои се членови на ДЛУМ.
3. Изборот се врши врз основа на увидот во оргиналните дела или зависно од карактерот или ситуацијата, врз основа на фотографии и скици и сл.
4. Сите пријавени дела за Салонот ги селектира Уметничкиот совет на ДЛУМ.
5. Авторите конкурираат со едно дело.
6. Предлозите за одредени уметнички проекти (амбиенти, интервенции, инсталации, перформанси и сл.) се доставуваат во јасно елаборирана писмена форма и скици.
7. Во рамките на Зимскиот салон можат да бидат организирани и други придружни манифестации.
8. ДЛУМ го задржува правото да ги фотографира сите пријавени дела, да ги објави во каталог и да ги користи во пропагандни дела.
9. Авторите се должни да ги достават делата опремени за излагање и означени со име, презима и наслов.
10. Авторите ги подигнуваат делата најдоцна еден месец по завршувањето на изложбата.
11. Секој учесник е должен покрај делата да ги достави и најзначајните биографски и каталошки податоци (наслов на делото, година, техника, димензии) како посебен прилог во читлива форма.

БОИТЕ КАКО НАСЛИКАНИ ЗБОРОВИ

Сликата е нема песна, боите се насликани зборови. Од раката на уметникот, од потегот што го овековечува мигот, зависи успешноста на композицијата и моќта да се предизвика хармонија на несекојдневни вибрации од перцепцијата на делото. Од раката на уметникот, најпосле, зависи дали ќе "проговорат" боите дали ќе се дофати ехото на насликаната порака. Така доаѓа до двостраната комуникација меѓу уметникот и консументот, така доаѓа до походот на боите низ времето.

Основното значење на симболиката на боите, всушност произлегува од нивната универзалност, а нивното толкување од човековите прапочетоци, од архетипот на светот, преку античките норми, египетското архаично сликарство, преку вредностите востановени од религијата, па се до современото со неслутени технички можности,во вистинска смисла на зборот претставува константа, претставува стожер насеопштото спознавање. Уште од палеолитската уметност, поточно од периодот што ги опфаќа сите уметности постари од писменоста, токму боите се иницијалниот порив за вечниот натпревар на човекот со нив. Имено, токму затоа натпреварот на уметникот со боите може единствено да се прифати само како надополнување на традиционалните вредности, на идеалната рамнотежа не само на боите туку и на се што се случува во природата.

Како поинаку да се протолкува совпаѓањето на седумте бои од виножитото со, на пример, седумте музички ноти, со седумте планети, седумте жици на лирата, седумте денови од неделата... Дали со мешањето на боите може да се затвори циклусот на оваа магична бројка, или уште повеќе: дали може да се постигне приближување до совршенството. Можеби ќе прозвучи нелогично, но воопшто не е нужен одговор на овие прашања, воопшто не е потребна разврска на овие дилеми, бидејќи во таков случај безпредметен би станал натпреварот на уметникот во обликувањето на делото, во сликањето на зборовите, конечно: во создавањето на немата песна како трајна човекова порака во универзумот.

Познато е дека и првото писмо, првите букви, всушност биле цртежи. Но вистинските прапочетоци на пренесување и соопштување на пораките – биле боите. Тие ги симболизирале елементите, просторот, времето, но тие влијаеле и на чувствата, на расположението, на психологијата на човекот. На тој начин најразличните култури ги граделе своите филозофски и религиски системи. На тој начин и на овие, македонски простори, се создава делот од сеопштата човекова порака. Корените на тоа создавање допираат многу длабоко во минатото, но повеќе од сигурно е дека допираат сочни периоди од кои низ кореновите жилички, до стеблото и гранките извишени до денешни дни се пренесуваат животворни сокови на напластеното искуство и уметничко мајсторство. Да се потсетиме само на исклучителните археолошки материјали од нашиве простори чија уметничка вредност, квалитет и значење не го предизвикуваат интересот и вниманието само на овој микропростор, туку ги привлекоа погледите на научниците и од Европа и од светот . Притоа совршено е сеедно дали авторите на уметничките егземплари од македонските археолошки наоѓалишта неоправдано се присвојувани или негирани. Едно е сигурно: нивното потекло е од овие македонски простори. Како што е сигурно и подоцнежното вградување во македонските уметнички вертикали на извонредните зографи, на исклучителните копаничари, на генерациите македонски ликовни уметници сé до денес. Тука е врската меѓу минатото и сегашноста. Таа врска е и гаранцијата дека уметничките дострели ќе продолжат и во иднина.

А денес, една од можностите за средба со делата на македонските уметници и тоа во сите дисциплини (сликарство, скулптура, графика) е токму Зимскиот салон на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. И уште веднаш треба да се каже дека амбициите не се тоа да биде обична можност за претсавување на севкупната продукција на современото ликовно творештво кај нас. Таквата насока всушност се имаше предвид уште со самото востановување на Зимскиот салон во 1992 година иако дојде како замена на најстарата ликовна манифестација во Македонија – Ревијалната изложба на ДЛУМ.

Зимскиот салон, замислен како строго селективна ликовна манифестација, во првите свои изданија го оправда своето постоење. Но, од едни или други причини, набрзо почна да наликува, почна да добива физиономија, како Ревијалната изложба. Од тие причини познато е дека актуелната управа на ДЛУМ направи неколку јавни трибини (во Уметничката галерија и во ДЛУМ) во врска со физиономијата на Зимскиот салон. Како резултат на овие изложби и трагања решено е Ревијалната изложба, по прекин од седум години, да продолжи и понатаму, а Зимскиот салон да се одржува биенално.

За Зимскиот салон 2000-та, Уметничкиот совет одбра (селектира) 120 дела од 93 автори од сите генерации кои рамноправно ќе конкурираат за единствената награда Гран-при. Така, на годинашново осмо издание на оваа ликовна манифестација, на публиката ќе и биде понуден одбирот на најдоброто од најстарите членови на Друштвото – Боро Митриќевски, Миле Корубин, Марија Павловска, Мирослава Шаровиќ, Игор Сековски, Коста Крпач но и најмладите.

Случајно или не, оваа година со три нули во бројката не само што е премин од еден во друг век, од еден во друг милениум, туку се совпеѓа со почетокот на биеналното одржување на Зимскиот салон на ДЛУМ. Досегашниот влог на македонските ликовни уметници на некој начин претставува и гаранција за успешност и долговечност и на оваа наша ликовна манифестација.

Милован Стефановски

Цртежите, сликите, скулптурите во пештерите Ласко, Алтамира и други бројни места по сите континенти потврдуваат дека човекот отсекогаш имал потреба да црта, да слика, да ги искажува своите верувања, стравот, чувствата.

Но, тие цртежи, тие слики се докази, документи кои зборуваат за неговиот начин на живеење, а најмногу кажуваат за срединатa во која живеел.

Ова посебно го нагласуваме – **за срединатa во која живеел**. Една чудна мисла! Како би изгледал светот кога се што створила раката на уметникот низ милениумите, само за еден миг биде покриено со црно платно. Тогаш, Рим, Париз, Атина, Каиро, Цариград, Москва, Охрид... се би било во црно!

Управата и Уметничкиот совет на ДЛУМ прават се за подобрување на условите за творење, како и на изложбените услови, се за подобар, побогат ликовен живот во нашата држава.

Во таа насока превземени се следниве работи:

- за да се олесни комуникацијата и соработката со членовите на ДЛУМ кои живеат надвор од Скопје, Уметничкиот совет и Управниот одбор на ДЛУМ одредија двајца членови, академски сликари и афирмирани творци да ги посетат поголемите градови во Македонија и заедно со членовите на ДЛУМ од тие градови да помогнат во изборот на делата кои ќе конкурираат за Зимскиот салон, а Уметничкиот совет при селектирањето на сите пристигнати дела за Зимскиот салон, ова ќе го има предвид при донесувањето на своите одлуки;
- Зимскиот салон прераснува во биенална манифестација, а на него ќе можат да изложуваат сите членови на ДЛУМ кои ќе ги поминат строгите критериуми за ликовен квалитет на актуелниот Уметнички совет. Зошто секоја втора година? Само за тоа да се добие квалитет. Две години се добар временски период уметникот да створи дело, но исто така и доволно време за поосмислена организација на изложбата.

Оваа година, посебно некое чувство кружи меѓу членовите на ДЛУМ затоа што Зимскиот салон се совпаѓа со почетокот на третиот милениум, се совпаѓа со двеилјадитиот роденден на Исус Христос и воопшто христијанството.

Поканети гости на Зимскиот салон годинава се досегашните добитници на наградата Гран-при како и прогласените доајени на Друштвото на ликовните уметници на Македонија.

Еве ја можноста љубителите на ликовната уметност во нашата држава, во новиот милениум, да го видат дострелот на македонските ликовни творци.

УМЕТНИЧКИ СОВЕТ НА ДЛУМ



АВРАМОВСКА ЕЛИЗАБЕТА
БЛИЗНАЦИ , 1997
фотографија, 180/90

АВРАМОВСКИ МОМЧИЛО
ПОДВОДНИ НАСЛАГИ , 1998
масло на платно, 160/89



АНДОНОВА ДАНИЕЛА
ЖИВОТ , 1999
дрворез , линорез, 38/70
ОД ДРУГАТА СТРАНА , 1999
дрворез, линорез, 47/61

АНГЕЛКОВ ЛАЗАР
ВЕРТИКАЛА , 2000
акрилик на платно, 90/120



АНГЕЛКОВА САБРИНА
КОМПОЗИЦИЈА , 1999
масло на платно, 130/89



АПОСТОЛОВСКИ ПАВЛЕ
ДУХОВИ, 1999
масло на платно, 60/73



АНТОНИЕВ ЃОКО
КОПНЕЖ, 1999
масло на платно, 60/70

АТАНАСОСКИ АТАНАС
СПИРАЛНО БРАЗДЕЊЕ, 1999
земја, трева 180/180/50

АТАНАСОВСКИ ТАНЕ -Гарски
АСОЦИЈАЦИЈА, 2000
масло на платно, 140/90

АРНАУДОВ СИМЕОН



АЏИЕВСКИ ИЛИЈА
РАБОТНИК, 1997
бронза, 28/7/9
СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, 1999
бронза, 75/27/20



БАЈРАМ ГАЗАНФЕР
БЕЗ НАСЛОВ НО СО ПОВОД 1, 1999
мозаик, 40/40
БЕЗ НАСЛОВ НО СО ПОВОД 2, 1999
мозаик, 30/60

БАЛАЌ ТАЊА
СЕНКИ, 1999
масло на платно, 100/80



БЛАЖЕВСКИ ТРАЈЧЕ
ПРЕДЕЛ РРЛ, 1999/2000
туш, креда, молив, 91/66

БОГЕСКИ БЛАГОЈА
ИМАГИНАЦИЈА, 1999
масло на платно, 70/90

БОЈАРОВА - РАДИВОЈЕВИЌ ВУЈКА
ИДОЛИ, 1999
масло на платно, 92/110



БУНДЕВСКИ ТОМЕ
СОН, 2000
дрво, 93/20/18



ВАСИЛЕВ ВАСИЛ
АСОЦИЈАТИВНА ФОРМА 1, 1999
комб.техника, 200/90
АСОЦИЈАТИВНА ФОРМА 2, 1999
комб.техника, 200/90

ВАСКОВ ГЛИГОР
ДОЛУ, 1998
масло и емаил на платно , 60/65
ГОРЕ, 1998
масло и емаил на платно, 60/65

ВЕЛИЧКОВСКИ ВЛАДИМИР
МОТИВ ОД ДВОРОТ
НА СИМЕ, 1999
масло на платно, 73/60

ГЕГОСКИ КИРИЛ
ПЛАНИНИ 1, 1999
масло на платно, 67/100



ГЕЛЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА
ЖАНЕТА
ПОЛЖАВ, 1999
комб.техника на хартија, 100/70
СРЕЌА, 1999
комб.техника на хартија, 100/70





ДАМЈАНОВСКА-НАУМОВСКА
АНГЕЛИНА
БЕЗ НАСЛОВ, 1999
масло на платно , 120/100
БЕЗ НАСЛОВ, 1999
масло на платно, 100/120



ГРУИЌ ЛИДИЈА
ПОД ВИБРАЦИЈА, 1998
Бронза, 75/25/15



ДАНАИЛОВСКА АНКА
РАКА, 2000
акватинта, мецотинта,
бакропис, 100/60



ДИМОВСКИ АНГЕЛ
МИЛЕНИУМСКА КОКОНА, 2000
дрво, 177/55/28

ЃОРЃИЕВСКИ ВАНЧО
ВИОЛИНА, 2000
масло на платно, 60/70
МРТВА ПРИРОДА, 1997
масло на платно, 63/69



ДАУТОВСКА-ПОПОВСКА ГОРДАНА
ТРИПТИХ : СОН, 1999
акватинта, сито печат, комб.техника, 320/80

ЃОРЃИЕВСКИ ГОРЈАН
БИК, 1999
масло на платно, 100/115

ЃОРЃИЕВСКИ ЛАЗО
БЕЗ НАСЛОВ, 1999
масло на платно, 50/50

ЃОРЃИЕВ ПЕТАР-Пљум
ФИГУРИ, 1999
масло на платно, 125/100

ЃОРЃИЕВ СТАНКО
ПЕТЕЛ И ... , 1999
масло на платно, 125/100

ЕФРЕМОВ КИРИЛ
АНА Т. ВО ХАОСОТ
НА МОЕТО АТЕЛЈЕ, 1999
масло на платно, 100/100



ЗДРАВЕВСКА-КОСТОВИЌ
СНЕЖАНА
ПРЕДЕЛ 1, 1998
колаж, 37/34
ПРЕДЕЛ 2, 1999
колаж, 34/34

ЗЕНКУ МЕЛИ
Од циклусот: *КАМЕНОТ*
ТЕЖИ НА СВОЕТО МЕСТО, 1997
масло на платно, 67/82



ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН
ФОРМА, 1997
мецотинта, 100/70
АНГЕЛСКО КРИЛО, 1999
масло на платно, 300/90



ЈАКОВ ВАНЧО
НАШИОТ САКАН ПРОСТОР 6, 1994
дрво, песок, пигмент и масло
на платно, 100/100

ЈАНЕШЛИЕВА СЛАВИЦА
РЕМИНИСЦЕНЦИЈА 3, 1998
комб.техника, 70/94

ЈАНКУЛОСКИ АЛЕКСАНДАР
ПРОЦЕС, 1999
масло на платно, 98/83
МЕТИЛ, 1999
масло на платно, 107/96



КОРУБИН МИЛЕ
РАЃАЊЕ НА ВРЕМЕТО, 1999
акрилик на платно, 100/130
ОРИЕНТ, 1999
акрилик на платно, 100/120





КАЛ ЧЕВ ДАНЧО
СЛИКА БР. 551, 1999
комб.техника на панел, 74/120



КИСЕЛИЧКА МАРГАРИТА
ВО СВЕТЛИНАТА НА БЕЛИНАТА, 2000
темпера на плексиглас, 130/120

КИРЈАЗОВСКА КРИСТИНА
ШИРОКА ДИСТАНЦА, 1999
масло на платно, 105/72

КОЧОВСКИ ИЛИЈА
ПРЕДЕЛ, 1999
масло на јута, 55/70
ПРЕДЕЛ, 1999
масло на платно, 55/70





КОСТОВСКИ ЗОРАН
САМО ТИ , 1999
масло на платно, 110/90

КРМОВ ТОМИСЛАВ
РИТАМ, 1999
литографија во боја, 80/55

КОСТОЈЧИНОВСКА МАРЈАНА
ТРАНСПАРЕНТНА КОМПОЗИЦИЈА, 1999
комб.техника, колаж, 100/40



КУНОВСКИ МИТКО
БОИТЕ ВО МОЈАТА ЗЕМЈА, 1995
масло на платно, 100/70



КУЗМАНОВСКИ ПАВЛЕ
СВЕДОК, 2000
масло на платно, 133/117

КРПАЧ КОСТА
РИБИ, 1998
мозаик (директен), 30/44

ЛАЗАРОСКИ ВИКТОР
СИЛУЕТА, 1999
бел цемент, 26/30

ЛАФАЗАНОВСКИ ИЛИЈА
ПАНТОМИМА, 1997
камен, 55/20/15

ЛЕШКОВА МАРИНА
АРХАНГЕЛ ГАБРИЕЛ, 1998/99
комб.техника, 222/47/10

МАЛИДАНОВ ДИМИТАР
ЗАПИС ОД ЛИВАДАТА, 1998
сува игла, 150/112



МАСИН МИРОСЛАВ
ТРАНСФОРМАЦИИ, 2000
масло на платно, 120/90



МАРКОВСКА МАРИЈА
ТАМУ НЕКАДЕ, 1999
комб.техника, 65/55



МИЈАКОВСКИ РИСТО
Од мултимедијалниот проект:
ТЕБЈЕ ГОСПОДИ-ПАТОТ ВО МЕНЕ ДО ХРИСТА, 1999/2000
комб.техника, (трска, стакло, хартија, глина и др.), 200/125/170

МИЛОВАНЧЕВ НАТАША
ЗАПИСИ ОД АТЕЛЈЕ, 2000
акрилик на платно, 100/100



МИТРЕВСКА ТОНКИЦА
РОЗА, 1999/2000
акватинта, 62/77

МИЦЕВ СТАНКО
НАДЕЖ, 1999
масло на платно 60/61

МИШЕВ ТОМЕ
МАЈЧИНСТВО, 1998
масло на платно, 117/100

МИТРИЌЕСКИ БОРО
ВЕСЕЛИ ЖЕНИ, 1999
дрво, 46/30/15
КОПНЕЖ, 1999
мермер, 53/20/33



НАНЕВСКИ ГОЦЕ
СОСТОЈБА 1 ПУНКТ, 1999
црн лим, 80/48/10
СОСТОЈБА 2 ЛИНЕАРНА ФРАКТАРНОСТ 2, 2000
црн лим, 50/50/50



НИКОЛОВСКА ЖАКЛИНА
ЗА КОГО БИЈАТ ЗВОНАТА, 1998
дрво, 90/35/19

НАУМОВСКА КАСИОПЕЈА
ПОСЛЕДНА ИГРА, 1999
масло на платно, 41/61

ПАВЛОВСКА МАРИЈА
ИМАГИНАРЕН ПРОСТОР 2, 1999
комб.техника на рачна хартија, 101/71



ПЕТРОВ БОРИС
ПРЕДЕЛ 1, 1999
масло на платно, 71/51
ПРЕДЕЛ 2, 1999
масло на платно, 73/55

ПЕТРОВСКИ СТРАХИЛ
КУТИИ НА СЛИКИ, 2000
комб.техника
на лесонит, 155/155/7



ПОПОВСКИ САШО
ДЕМОН ВО ТЕЛОТО, 1999
масло на платно, 60/70

ПОПОВ АЛЕКСАНДАР
РИБОЛОВ, 1999
масло на платно, 100/74

РАКИПОВСКИ ЗЕКМАН
МЕДИТАЦИЈА, 1999
масло на платно, 122/92

РИСТЕСКА ЈЕЛЕНА
НИЗИ СО ТУТУН, 1999
масло на платно, 65/55



СВЕТИЕВА МАРИЈА
МОРИС, 1999
длабок печат, 50/70
ХОРОСКОП, 1999
комб.техника, 53/73

СИМОВСКИ ИЛЧО
ЗАЛЕЗ НА ОРИОН, 1999
темпера со јајчена емулзија
на тониран картон, 30/26

СЕКОВСКИ ИГОР
КОНТРА ПЕСПЕКТИВА, 2000
инсталација, 160/160/20

СПАСОВ ГЕОРГИ ВЛАДИМИР
НАМЕСТО НЕКРОЛОГ
ЗА БЛИЖНИОТ, 1999
комб.техника, 80/85



СТАНОЈКОВИЌ САШО
ЛЕГЕН ЗА ПОКРИВОТ, 2000
масло на платно, 158/158

СПАСОВ ИЛИЈА-ЧЕНДО
АФИОН 1, 1999
масло на платно, 100/120

СТОЈЧЕВСКА НЕЛА
XX ВЕК - ЦЕЛ 2, 2000
конструкција
со видео лента, 47/10/15



ТАНЧЕВ КОСТАДИН-ДИНКА
ПОЗАЈМЕН МОТИВ, 1999
масло на платно, 81/65



ТЕМКОВА АНА
ФРАГМЕНТИ, 1999
масло на платно, 92/85



СТОЛИЌ ЕЛИЗАБЕТА
ЛИНИЈА НА ДВИЖЕЊЕ, 1995
мермер, дрво, 30/20/15



ТОШЕВСКИ ТРАЈКО
СОН, 1999
комб.техника на хартија, 34/50

ТОМИЌ-РАДЕВСКА ДИЈАНА
ХЕРОЈ И МАЧЕНИК, 1999
сито печат и висок печат, 70/100



ТРУЈКАНОВИЌ МИРОСЛАВА
НЕМОЌТА Е НЕМОЌНА, 1999
комб.техника на платно, 140/65



ТРЕНКОВСКИ СЛАВКО-ЛОК
ПРЕД ОГРАДАТА, 1998
дрворез, 50/34
ЗАД ОГРАДАТА, 1998
дрворез, 50/34

УРОШЕВИЌ ПРЕДРАГ
КНЕЖЕНСКИ ГРОБ, 1999
масло на платно, 100/80

УРОШЕВИЌ ВАНА
СЛИКА ОД СВИЛА, 2000
свила на платно, 150/130

ФИЛИПОВСКА-КИТАНОВСКА
СИМОНИДА
ЗМИЈСКО ЈАЈЦЕ, 2000
масло на платно, 90/116

ЦВЕТКОВИЌ МИРОСЛАВА
ОДБРАН АМБИЕНТ, 1998
комб.техника, 70/50



ЧАТМОВ ТРАЈЧЕ
ЗИМСКА НОЌ, 1999
масло на платно, 70/100

ЏИМРЕВСКА ВИКТОРИЈА
МИРОР, 1999
сериграфија, 50/70





ШАРОВИЌ СТАНИСЛАВА
КОНКРЕТНОСТ-СВЕТЛИНА 1, 1998/99
масло на платно, 80/65

ШУЛАЈКОВСКИ ТЕОФИЛ
ОСАМЕНОСТ, 1999
акварел, 88/64
РАЗГОВОРИ 3, 1999
акварел, 91/70

ШУЛАЈКОВСКИ ЕМИЛ
МЕЃУПРОСТОР 1, 1999
масло на платно, 65/55
МЕЃУПРОСТОР 2, 1999
масло на платно, 65/55

ШУЛАЈКОВСКИ ТОНИ
ЗАЧЕТОК НА ЕДНО ДЕЛО, 1999
масло на платно, 81/100

издавач:
Друштво на ликовните уметници на Македонија

за издавачот:
Коле Манев

предговор:
Милован Стефановски

фото:
Влахо Бранџолица

ликовно обликување и дизајн:
Никола Иванов-Балтон

каталошки податоци:
Бранислав Мирчевски

печат:
Догер

тираж:
300

Министерство за култура

Изложбата е реализирани со помош на Министерството за култура на Република Македонија

ПОКРОВИТЕЛ:

утрински
Весник

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.036 (497.7) (06.064)

ДРУШТВО на ликовните уметници на Македонија (8 ; 2000 ; Скопје)
VIII Зимски салон : Музеј на современата уметност - Скопје, февруари 2000 / [организатор] Друштво на ликовните уметници на Македонија ; [предговор Милован Стефановски ; фото Влахо Бранџолица ; ликовно обликување и дизајн Никола Иванов-Балтон; каталошки податоци Бранислав Мирчевски] = VIII Winter salon : Museum of Contemporary Art, 2000 February / [organisation] Macedonian Association of fine Artists. - [Skopje] : Друштво на ликовните уметници на Македонија, 2000. - 50 стр. : илуст. ; 30 см.

Тираж 300.
I. Macedonian Association of fine Artists (8 ; 2000 ; Skopje)
види Друштво на ликовните уметници на Македонија (8 ; 2000 ; Скопје)

ISBN 9989-797-04-8

ISBN 9989-797-04-8